Република Македонија
Министерство за образование и наука

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 24-07-2018
Орг. Един. 43 | Број: 6854/2 | Прилог: | Вредност:

**До: Влада на Република Македонија**
**Генерелен секретаријат**
**Одделение за соработка со невладини организации**

**Министерство за образование и наука**

Бр. 08-8479/2
20.07.2018 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Отворени денови за иницијативите на граѓаснките организации: Борба против корупцијата – Иницијатива од Метаморфозис, Фондација за интернет и општество

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр.43-6854/1 од 10.07.2018 година, со кој ни ја проследувате Иницијативата од Метаморфозис, Фондација за интернет и општество, Ве известуваме дека Министерството за образование и наука ја разгледа Иницијативата со големо внимание и по однос на истата го даваме следното мислење:

Министерството за образование и наука дава целосна поддршка на иницијативата за изготвување на План за интегритет и/или друга внатрешна политика за борба против корупција која што вклучува мерки за спречување и елиминација на различни форми на коруптивно и неетичко однесување во рамки на институцијата, и транспарентно објавување на планот на веб страната на Министерството. Сепак, со цел реализација на иницијативата, како што е наведено во истата, неопходна е претходна измена на Законот за спречување на корупција со одредба за законска обврска на институциите за подготовка на ваков документ.

Оттаму, сметаме дека е најдобро прво да се добие мислење од Министерството за правда и Државната комисија за спречување на корупција во врска со измената на Законот за спречување на корупција.

Доколку се донесе одлука за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција, Министерството за образование и наука дава силна поддршка во изготвување на План за интегритет и ќе пристапи, во соработка со релевантните органи, во донесување на таков план.

Благодариме на соработката.

**Министер,**
**Dr. Arbër Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ

Подготвиле: Билјана Трајковска
Наташа Јанковска